**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Го отворам Второто продолжение на Четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Миле Андоновски, Тито Петковски, Горан Мисовски, Владо Бучковски,Јани Макрадули, Фиат Цаноски, Али Ахмети и Саве Савевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

**Минуваме на Точка 15 - Предлог на закон за изменување на Законот за градежни производи.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?(Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам на гласање, ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници.

Во салата се присутни 64 пратеници, според тоа можам полноважно да одлучуваме.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеника, од нив за гласаа сите 59, воздржани нема, нема против .

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 59 пратеника, од нив сите 59 гласаа за, воздржан нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законкот за изменување на Законот за градежни производи.

**Минуваме на точка 16- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, господинот Спанџов, повелете.

**Киро Спанџов:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници.

Само накратко би сакал да образложам кои се новините со измената и дополнувањето на законот на минерални суровини.

Прво, во изминатиот период имавме доста барања за проширување на концесии, а тоа во сегашниот Закон не е регулирано и сега во овој Предлог на закон го регулираме, можноста за да се издава по сите процедури како за концесија со сета документација за проширување на концесиите. Тоа е новина во овој предлог и тоа проширување ќе биде третирано од постоечката концесија.

Понатаму во овој закон се предлага да се распишува тендер за сите концесии, за истражување да биде тоа на јавен оглас-тендер и во колку субјектот кој што бара истражување открие одредени суровини и направи елаборати и по законските прописи во втора фаза нема да распишуваме тендер како што е сега во постоечкиот закон него автоматски ќе добие решение - согласност за експлоатација. Тоа е втората новина.

Понатаму се скратуваат многу рокови околу елаборатите и се издвојуваат јавните претпријатија и државните инситуции да можат да вршат, без тендер, истражување. Исто така енергенсите се ставаат во функција, државата за да ги истражува.

И последно од поглавните суштински промени е тоа што се ставаат посебни членови во кои се дефинира надлежноста на техничката инспекција. Ви благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам сосема краток, за да го поздравам донесувањето на овој закон заради тоа што овој закон фактички е дополнување на Законот кој што го донесе претходниот парламентарен состав, дополнување со некои работи кои што не беа опфатени со тој закон и во суштина е овозможување за примена на тој закон.

Знаеме дека Република Македонија е богата со минерални суровини, било да се тоа метали, било да се неметали, било да се термоминерални води, било да се други природни минерални суровини. Со користењето на нив ќе овозможиме да се реши еден од главните проблеми во Република Македонија, вработувањто, развојот, воведување на нови технологии односно

ангажирање на сите природни богатства коишто ги имаме.

Со овој закон се дорегулира транспарентноста во однос на доделувањето на концесиите и посебно доделувањето на концесиите за детални геолошки истражувања, а посебно утврдување на веќе постојните корисници на минералните суровини со одредување на просторот на кој што ќе се вршат доистражувања. Тоа ќе значи мотивирање на веќе постојните корисници на миниралните суровини и нивно ангажирање во еден подолг период.

Да не должам многу, уште еднаш ќе повторам го подржувам донесувањето на овој закон и го поздравувам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

**Љубасав Иванов-Ѕинго:** Благодарам претседателе.

Ова е еден од ретките закони кои при неговото донесување да толку многу луѓе се вклучени, да толку многу е вклучена стручната јавност благодарејќи на министерството за економија и Владата, посебно на потпретседателот на Владата и од првата верзија до конечниот текст на Законот направени се огромни измени како резултат на предлозите и идеите на стручната и македонска јавност.

Сигурно е дека и овој закон не е идеален дека со времето ќе претрпува одредни измени затоа што ова е една многу сложена област, но и многу значајна за Република Македонија, за нејзиниот развој.

Огромен број на земји во светот својот голем развој и создавањето на богатството го оствариле низ експолатација на минерални суровини. Но пред да се дојде до експолоатација на минерални суровини тие мора да се откријат да се пронајдат, а тоа се прави со огромни истражувања и огромни вложувања на материјални средства.

Македонија во секој случај не располага со сопствен капитал да се зафати со вакви широки и скапи истражувања и затоа со овој закон се отвараат можностите на странски вложувања и за вложувања на странски компании кои пројавуваат голем интерес.

Имајќи во предвид дека во последните години поготово во последните 4-5 години дека суровините во светот доживејаа голем бум, голем раст на цените, а пак гледајќи на тоа дека во светот се помалку се богати лежиштата, тие се веќе експлоатирани, во најголем дел се при крај експлоатација, така што секоја година покажуваат голема рентабилност и лежишта кои имаат повисока содржина на метал, а исто така и се повеќе се барани и неметални, минерални суровини.

Со измените на овој закон отворени се големи можности на сигурност на компаниите кои ќе вложуваат средства во истражување, затоа што тие компании до колку пронајдат минерални суровини и докажат резерви тие без тендер го добиваат правото да се занимаваат со експлотација на тоа минерално богатство, а ризикот во истражувањето е огромен и може да се вложат големи пари,а да се пронајдат резерви на минерални суровини, па и во случај како што беше во првата верзија законот, да се одеше на тендер и да учествуваат и тие компании кои вложиле пари, тогаш ќе ги дестимулира истражувањата.

Овој закон беше повеќе пати на расправа и на Комисијата за економски односи. Комисијата даде голем број забелешки и укажувања , а исто така изготви амандмани за промена на законот што беа прифатени од страна на Владата, така да законот сега има една сосема друга квалитативна вредност и ваквиот закон ќе ги отвори големите можности кои што ги има во Република Македонија затоа што Македонија има големи предуслови да можат да се најдат и значајни рудни лежишта и да се обезбедат рудни резерви за отварање на нови рудници што ќе овозможи да се развие преработувачката индустрија. И затоа јас ќе го подржам овој закон. Мислам дека ќе го подржи и целата коалиција, а исто така и опозицијата затоа што носи големи придобивки и голема добивка за нашата држава и татковина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за , воздржани нема, нема против .

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеника, сите 65 гласаа за, воздржан нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини.

**Минуваме на точка 17- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Марјанчо Николов поднесе амандмани на член 1, на новиот член 23-а став 3 и на новиот член 23-б став 2 точка 3, член 1, на

новиот член 23-в став 2 точка 2, на член 2, на новиот член 24-а ставови 2 и 3, на член 7 став 1 во новата точка 11, на член 8 став 1 во новатаљ точка 12 и на член 9, на новиот член 57-а став 1 и на член 2 на новиот член 24 -а став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратникот Александар Николовски поднесе амандман начлен 1, на новиот член 23-а став 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот ивица Георгиевкси поднесе амандман на член 1, на новиот член 23-а став 3 и на новиот член 23-б став 2 точка 3, по кои Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандманот на член 1 на новиот член 23-а став 3 и на новиот член 23-б став 2 точка 3, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Киро Спанџов, заменик министер за економија.

**Киро Спанџов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Иам збор господин Маријанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Амандманот за кој што расправаме се однесува на висината на лиценцата која што трговецот на мало треба да ја плати доколку сака да обавува трговија со алкохолни пијалоци. Тоа е една новина која воведува министерството за економија и Владата односно се предвидива трговците на мало да бидат оптеретени со нови давачки као би можеле да работат со алкохолните пијалоци.

Во предлогот на Владата висината на лиценцата е предложена да изнесува 5.000 денари, додека во мојот амандман се предвидува таа да изнесува 1.000 денари.

Мотивите за да се поднесе овој амандман ја гледам во тоа што веќе наназад трговците на мало се оптеретија со толку многу давачки што веројатно и оваа давачка кога ќе стапи во сила ќе им преставува проблем за можат успешно да работат или во краен случај ваквите давачки ќе паднат на товар на граѓаните кои што преку повисоките цени на артиклите ќе мора да ги платат на трговците.

Знаеме дека уште важи или замина периодот кога трговците требаше своите фискални апарати да ги прилагодат за таканаречени патриотски сметки и притоа се создаде една гужва во овластените дилери на фискални апарати и оваа давачка за трговците фактички преставува непотребен издаток бидејќи никој не објасни што е целта на фискализацијата на таканаречени патриотски сметки.

Втора давачка на која што трговците на мало ќе бидат изложени е прилагодувањето на нивното работење на хасап стандардите. И оваа давачка е сериозна и изискува многу финансиски средства за трговците на мало за да можат да се прилагодат и да работат соодветно стандардите на хасап системот при ракувањето со храна. И сега Владата повторно наметнува нови давачки на трговците на мало, доколку сакаат да работат со алхоколни пијалоци при тоа и лиценца, меѓутоа се предвидуваат посебни услови каде што може да се чуваат производите од алкохол наменети за трговија.

Сметам дека ваквото непотребно оптоварување на трговците на мало со давачки ќе придонесе голем дел од нив да не можат да ги платат и да престанат со своето функционирање што наведува на интенцијата дека само големите трговски маркети ќе успеат да работат, додека помалите, сакале или не, поради силните давачки што им се наметнуваат и контролите што се спроведуваат, навистина не ќе можат да работат. Затоа предлагам висина на лиценцата од 5.000 да се намали на 1.000 денари.

Ги повикувам колегите пратници да го подржат амандамнот.

**Трајко Вељаноски:**

За реплика се јави господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам.

Навистина не ми се разбирливи и нејасни ми се мотивите на колегата Марјанчо Николов, за добивање лиценца за продавање на алхоколни пијалоци. Наместо сите ние да се залагаме за ограничување на продажба на алкохолни пијалоци само во објекти кои ќе ја поседуваат оваа лиценца, господинот Николов се залага на што повеќе места да биде достапна продажбата на алкохол.

За жал, знаеме дека жртви на алкохол најчесто се нашите деца, нашата младина на возраст од 13 до 18 години и знам тоа е еден комплексен проблем нема да го решиме со воведувањето на лиценцатата. Меѓутоа ние како одговорни луѓе, како пратеници треба да се заложиме за што помала достапност на алкохолните пијалоци на младината. Затоа уште еднаш би рекол дека ми се неразбирливи неговите мотиви за поголема либерализација во проджбата на акохолни пијалоци и мое мислење е дека сумата од 5.000 денари е доста мала и ќе го подржам другиот амандман од нашиот пратеник Ивица Георгиевски кој предвидува надоместокот за добивање на лиценца да биде повеќе кратно зголемен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам

Очигледно е дека некои колеги од владејачкото мнозинство играат дволична улога. Значи кога

одат на терен и кога зборуваат со трговците на мало и кога тие ќе им ги кажат свиоте проблеми дека многу давачки им се наменати од страна на државата и дека има многу контроли што се спроведуваат тие ќе им речат, ќе гледаме да се намалат, ќе гледаме да ги решат тие проблеми. Меѓутоа вака кога треба пред јавноста да испаднат фер и дека многу се грижат за младината ќе кажат дека не било добро да биде многу достапни.

Господине Дамески, со амандманот само си предлага да се намалат давачките на трговците.

Системот кој што го предвидува вашата Влада преку обезбедување на посебни простории каде што ќе се чува алкохолот наменет за продажба. Плаќањето на лиценца и поседувањето на лиценца никој не го спори во овој случај. Вие сега со нареден амандман предлагате таа да изнесува и 60 илјади, наводно така многу сте се грижеле за младите.

Во изминатата недела бевме сведоци на многу такви пароли кои што ги кажавте во Собранието, велејќи дека ќе градиме спортски сали, затоа што младите немаат каде да одат, да не одат на улица, сега ќе го ограничиме алкохолот да не можат да пијат. Ова е комплексен проблем и вие со вакви закони може само за јавноста да кажете дека нешто правите. Проблемот зошто младите се оддаваат на пороците е многу суштински, социолошки, економски па и психолошки. Рушењето на системот на семејство, немањето на перспектива на младите, тука треба да се бараат решенија. Вие можете да изградите не 30, туку 130 спортски сали, можете лиценцата да ја направите не пет илјади, туку 500 илјади денари, пак нема да го решите проблемот на младите, затоа што немаат перспектива, немаат вработување. Нивните родители се одадени на барање на егзидтенција, а многу помалку на воспитување на младите. И затоа немојте со вакви пароли и со вакви приказни да не заведувате дека некој бил да им дадеме повеќе алкохол на младите, или некој бил против спортувањето на младите. Бидете фер и искрени и кога одите на терен бидете отворени и со трговците и со младите. Младите ќе ви кажат дека сакаме работа за да можеме да планираме иднина и семејство, а не да држиме пароли за трето дете, а трговците ќе ви кажат дека секој ден е се потешко и потешко, дека нема промет, дека не можат да ги издржат давачките и дека ќе пропаднат. И кого сега вие штитите. Ниту со ограничувањето на алкохолот го решавате проблемот со младите, а со воведувањето на давачки на трговците им го отежнувате работењето. И затоа престанете со вакви демагошки настапи дека нешто се прави.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, 9 пратеници гласаа за, нема воздржани, против гласаа 54 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за гласаа 9 пратеници, нема воздржани, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 на новиот член 23-А став 3 и на новиот член 23-Б став 2 точка 3, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 1 на новиот член 23-А став 3 и на новиот член 23-Б став 2 точка 3, поднесен од пратеникот Ивица Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Киро Спанџов.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници, 10 пратеници гласаа за, 1 воздржан, против гласаа 43 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 54 пратеници. Од нив за гласаа 10 пратеници, 1 воздржан, против гласаа 43 пратеници.

Пред да констатирам, ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни вкупно 70 пратеници.

Гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 на новиот член 23-А став 3 и на новиот член 23-Б став 2 точка 3, поднесен од пратеникот Ивица Георгиевски.

Процедурално има господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Врз основа на Деловникот би замолил за поединечно гласање, и би замолил за поддршка од 10 пратеници.

**Трајко Вељаноски:** За амандманот гласаа 10 пратеника. Значи, за да помине амандманот треба да има 40 пратеници. За да има поединечно гласање најмалку треба да има 35 за да може да биде плус, или минус пет. Со оглед на тоа не е исполнет условот за да може да има поединечно гласање.

Отворам претрес по амандманот на член 1 на новиот член 23-А став 5, поднесен од пратеникот Александар Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Киро Спанџов.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа, затоа што ова ќе биде регулирано со подзаконски акти и технички податоци кои што треба да се донесат.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 54 пратеници гласаа за, 2 воздржани, против гласаа 8 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за гласаа 54 пратеници, 2 воздржани, против гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 на новиот член 23-А став 5, поднесен од пратеникот Александар Николовски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 на новиот член 23-В став 2 точка 2, на член 2 на новиот член 24-А, ставови 2 и 3, на член 7 став 1 во новата точка 11, на член 8 став 1 во новата точка 12 и на член 9 на новиот член 57-А став 1, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Киро Спанџов.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, 8 пратеници гласаа за, нема воздржани, против гласаа 54 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеника. Од нив за гласаа 8 пратеници, воздржани нема, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 на новиот член 23-В став 2 точка 2, на член 2 на новиот член 24-А, ставови 2 и 3, на член 7 став 1 во новата точка 11, на член 8 став 1 во новата точка 12 и на член 9 на новиот член 57-А став 1, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 2 на новиот член 24-А став 1, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Киро Спанџов.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, со овој амандман спротивно на предлогот на Владата каде што се забранува продажбата на пијалоци во продавниците во состав на бензинските пумпи и во продавниците во состав на зелените пазари. Јас предлагам овие ставови да се избришат.

За жал, заменикот министер не даде ниту едно валидно образложение зошто овие трговски објекти ги издвојуваат од другите трговци на мало. Една валидна причина кажете господине заменик министер, зошто воведувате нелојална конкуренција кај трговците и по кој основ и по кој закон нема право да се врши продажба на овие трговски објекти, за да можеме да отвориме дебата. Ако веќе сакате да ја продадете приказната дека ќе ја ограничувате употребата на алкохол, тогаш требаше да предвидите посебни продавници како што е во западните земји каде што ќе бидат наменети исклучиво за продажба на алкохолни пијалоци и да ги ставите под контрола, да ја направите лиценцата, не знам, колку вас ви одговара и потоа да речеме дека нешто се обидувате да правите. Вака сега ограничувате продажба каде вие ќе процените, каде сакате, а

притоа немате ниту едно валидно образложение. Ако држи ова, веројатно тој што го пишувал законот има образложение зошто е забрането на бензинските пумпи и на продавниците во состав на зелените пазари да се продава алкохол, ако тие ги исполнат условите што ги пропишувате во законот. Навистина не ми е јасно што се обидувате да постигнете, анулирајќи ги овие трговски друштва, создавате едноставно ограничување на пазарната економија. И затоа предлагам колеги пратеници овој амандман да го поддржите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, 10 пратеници гласаа за, нема воздржани, против гласаа 56 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 66 пратеника. Од нив за гласаа 10 пратеници, воздржани нема, против гласаа 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 на новиот член 24-А став 1, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Со оглед на тоа дека службите ме информираа дека во меѓувреме се поднесени амандмани и треба да се умножат и да се поделат, ја прекинувам седницата и ќе продолжиме по 20 минути, за да може да се поделат амандманите и да се подготви сценариото.

Ќе продолжиме со работа во 12,15 часот.

(Пауза од 11,55 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,28 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Ве молам да ги заземете своите места.

Продолжуваме со работа.

Во меѓувреме процедурално збор побараа пратениците Павле Трајанов и Силвана Бонева.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сосема сум за тоа да се направи систем за намалување на лицата или користењето или злоупотребата на алкохол, посебно од малолетници, но мислам дека во денешната расправа, особено расправајќи по амандманите, се плашам дека ше изгласаме амандмани со несогледливи последици, особено по функционирањето на овој сегмент во државата. Затоа би замолил вакви амандмани што доаѓаат особено од парламентарното мнозинство да се усогласуваат со Владата и Владата, доколку цени дека таков амандман е прифатлив, да го прифати. А не, да се доведуваме во ситуација ние да гласаме за или против. Мислам дека е непотребна една таква состојба во Парламентот.

Само укажувам на можните негативни последици што произлегуваат од поднесување на амандмани. Тие треба да бидат подготвени, анализирани, усогласени со бројни други системски закони. Да не брзаме. Доколку има потреба од менување на овој закон, да се подготват некои други промени во некоја друга можност да ги усвоиме. Тоа е моето укажување.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ барам пауза од половина час заради консултација.

**Трајко Вељаноски:** Прекинуваме со работа, продолжуваме во 13,00 часот.

(Пауза од 12,30 до 13,25 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Во меѓу време пратениците Ивица Георгиевски, Катерина Димевска и Анета Стафановска поднесоа амандмани на член 1 на новиот член 23-а, став 2, член 7 за додавање нов став и на член 8 за додавање нов став, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ивица Георгиевски поднесе амандмани на член 1 на новиот член 23-а став 3 и на новиот член 23-б став 2 точка 3 и на член 9 на новиот член 57-а ставови 1 и 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панче Дамески поднесе амандман на член 1 на новиот член 23-а став 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по. . .

Процедурално се јави Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван претседателе,

Поднесениот амандман го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Добро, кога ќе дојде на ред тој амандман ќе констатираме дека е повлечен.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 1 на новиот член 23-а став 2, поднесен од пратениците Ивица Георгиевски, Катерина Димеска и Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот н член 1 на новиот член 23-а, став 3 и на новиот член 23-б став 2 точка 3, поднесен од пратеникот Ивица Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот би го прифатиле доколку бројот 30 се замени со 20, ако се согласува предлагачот.

**Трајко Вељаноски:** Го молам предлагачот да се произнесе дали се согласува со измената?

**Ивица Георгиевски:** Се согласуваме, нека биде 20 иљади.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен, станува составен дел на текстот на Предлогот на законот, согласно измената што е направена.

Констатирам дека амандманот на член 1 на новиот член 23-а, став 5, поднесен од пратеникот Панче Дамески е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нов став, поднесен од пратениците Ивица Георгиевски, Димеска и Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 зза додавање нов став, поднесен од пратениците Ивица Георгиевски, Катерина Димеска и Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9, на новиот член 57-а ставови 1 и 3, поднесен од пратеникот Ивица Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме пратениците Силвана Бонева и Владимир Ѓорчев поднесоа амандман на член 1 на новиот член 23-а за менување на став 5 по кој Владата не се произнела.

Истовремено ме информираа од службата дека овој амандман не е поделен, па би почекале, еве за пет минути ќе се подели амандманот. За кратко, мислам дека и за помалку од пет минути ќе се подели амандманот.

(Службите го делат амандманот)

Со оглед на тоа дека е поделен амандманот, можеме да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 1 на новиот член 23-а за менување на став 5, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Владимир Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Само на кратко, почитуван претседателе, расправата по однос на овој закон во текот на денешната седница јасно покажа, кога се носат закони набрзина, сите аспекти од нивната примена не можат да бидат предвидени. Па така, бевме сведоци дека владеачкото мнозинство имаше различни ставови по однос на овој закон. Дури и Владата, претставникот на Владата не знаеше да одговори на прашањата што беа поставени од страна на опозицијата.

Затоа сметам дека овој закон во пракса само ќе создаде конфузија, дополнителни оптоварувања на трговците на мало со парични средства и за да го преадаптираат просторот и за да ја платат лиценцата што сега од 5 иљади се зголеми на 20 иљади. А, нејзиното важење од пет години се намали на две години, што значи дека уште повеќе се оптоваруваат трговците, доколку сакаат да добијат лилценца.

Сметам дека со ваквата политика на Владата ќе се постигне голем дел од малите трговци да престанат со својата работа или да им се отежни работата, доколку сакаат да остварат лиценца, а тука придобивка ќе има само Буџетот на Владата на Република Македонија преку собраните пари. А, ниту ќе се реши проблемот со распространетоста на алкохолот меѓу младите,

туку напротив, праксата покажала колку повеќе го забранувате, толку станува поинтересен за младите. Праксата тоа го има покажано во многу земји.

Во таа смисла сметам дека главниот проблем при носењето на законите во Република Македонија не е толку каков закон ќе се донесе, туку како ќе се примени. И сега има забрана за точење алкохол на лица под 18 години и продажба. Меѓутоа, за жал, податоците покажуваат дека тоа не се почитува.

Не сакам да навлегува во дебата околу проблемите на младите и зошто тие толку посегнуваат по алкохол, бидејќи тоа е посебна тема и бара многу време. Но, пак ќе кажам, со вакви мерки нема да ги решиме проблемите. Проблемите ќе ги решиме со отворање на нови работни места, со создавање услови членовите на семејствата да имаат можност да работат и поголем дел од своето време да го посветат на воспитување на своите деца.

Со вакви закони со кои што, наводно, нешто се прави, а во суштина, во пракса само се оптоваруваат трговците и граѓаните, сметам дека ефектот нема да се постигне. Затоа, овој закон фактички ќе го имаме донесено, меѓутоа во пракса само ќе создаде оптоварување на трговците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави господин Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јасно е дека набрзо ќе ја добиеме новата Влада, со оглед на тоа што мандатарот Груевски, за еден многу краток временски период се договори со својот нов коалиционен партнер ДУИ. Оттука . . . . . . .

(Дофрлања од место, а претседавачот предупредува на ред со звончето)

Бидете трпеливи.

Оттука, не постои никаква оправданост, ниту пак гледам никаква причина на која што ова Собрание функционира во овој период до изборот на новата Влада. За жал, законодавниот дом, во овој изминат период се претвори во една инстант-гласачка машина, со носење на закони и предлог-закони по една итна постапка, без никаква реална оправданост за таквото брзање. Не ни е јасно, во една ситуација кога имате стабилно парламентарно мнозинство, а коалицијата со Али Ахмети е веќе договорена, зошто форсирате донесување на законски решенија со една сомнителна легитимност. Не само што се скокаат расправите во собраниските комисии што, сигурен сум, би го подобриле квалитетот на овие предлог-закони, туку е спорна и легитимноста на предлагачот. Како претставник на предлагачот на овој закон, за Предлогот за изменување и дополнување на Законот за трговија ја читам госпоѓата Вера Рафајловска. Факт е дека Рафајловска, не само што е член на Влада во оставка, туку самата таа е во оставка веќе неколку месеци.

Што се однесува до самиот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, би го поставил прашањето дали целта на фамозната регулаторна гилотина, на која се повикувате во образложението како причина за донесување на овој закон или пак итноста, е зголемување на давачките во случајот на трговските, а обратно пак, наместо да се скратат процедурите во една постојна законска регулатива се воведуваат сосема нови процедури?

Да бидам попрецизен, со ова решение како што го предлагате, не се укинува, туку се воведува нов тип на лиценца што ја издава исклучиво министерот за економија. Значи министерот за економија добива уште едно плус дискреционо право, а колку што се сеќавам, овие права требаше да се скратуваат со гилотината, а не да се зголемуваат.

Трговците на мало, пак, треба да платат, во Предлогот на законот беше 5000, а сега, бидејќи имаше серија на амандмани, не знаеме дали е веќе 30.000, 60.000 или 20.000 можеби, за добивање лиценца, но исто така треба да се оптоварат и со екстра трошоци за да ги исполнат техничките услови за продажба на алкохолни пијалоци. Значи, многу кратко време, откако на трговците им беше натоварена една обврска со тн., “патриотски” фискални каси” сега ги соочувате повторно со една нова тура обврски што за жал треба да ги исполнат.

Зарем не се има чувство, дека постојано, со воведување нови и нови финансиски издатоци ќе се исцедат малите фирми само со една единствена цел, а тоа е да се добијат повеќе средства во Буџетот? И дали итноста на овој Предлог-закон за изменување и дополнување е навистина итна, исто така со една цел, за што е можно побрзо да почне да се полни Буџетот? Во истата насока сакам да истакнам дека е нејасен и принципот од тоа што се определува кој трговец може а кој не може да продава алкохолни пијалоци. Од кои причини е забранета продажбата во продавниците во состав на зелените пазари или пак на бензиските станици, воопшто не е објаснето?

Ако овие мало продажни места ги исполнат неопходните технички услови што, нормално пак ќе ги пропише министерот, зошто тогаш им се ускратува правото да аплицираат за лиценца?

Поентата што сакам да ја кажам е или алкохолот може да се продава исклучиво во специјализирани продавници како што е секаде пракса во светот, или пак треба да се остави можност оваа стока да ја продава секој трговски субјект кој нормално ќе ги исполни условите.

Решението што сега се предлага од страна на предлагачот, во најмала рака можам да кажам е и неоправдано и паушално.

Во однос на временскиот период во кој се забранува продажбата на алкохол, повторно се нуди едно решение што навистина е нелогично. Можеби навистина треба да се ограничи продажбата на алкохолот во доцните ноќни часови, но по моја проценка 19,00 часот како термин, до кога продажбата е дозволена, е избран сосема произволно. Тука треба само да се имаат предвид навиките на граѓаните, но и нивното работно време што секако ќе ги спречува да пазарат во теко тна денот.

Апсолутно сум за, за воведување ред во оваа област, меѓутоа во исто време тоа и не треба да значи ускратување на слободата на потрошувачите. Тука би ги спомнал и казните што се предвидуваат со ова законско решение. На пример мене ми е сфатливо да се казни трговец кој врши продажба надвор од предвиденото време или пак на малолетни лица, но секако неразбирливо висока е глобата предвидена за самите граѓани кои купуваат или пак, како што е наведено во Предлогот на законот, за родителот или старателот на малолетниот купувач. Износот од 200 евра, сега веќе е зголемен, тоа беше во Предлогот на законот, сега е 300 евра, 500 евра, што беше еднаков на една просечна македонска плата, по моја проценка навистина е превисок. Тоа повторно оди во прилог на тезата дека целта на ваквите понудени решенија е една и единствена, обично полнење на државниот Буџет. А не е во превенција на борбата против алкохолизмот.

Почитувани пратеници овој закон содржи и други недоследности. На пример, што се однесува до членот 11, односно околу обврската за пријавување на работното време во централниот регистар, воопшто не ми е јасно, зошто трговецот кој веќе го пријавил работното време во институциите каде до сега се пријавуваше, мора да поднесува нова пријава до Централниот регистар.

Оваа нова обврска е тотално непотребна, затоа што Централниот регистар едноставно треба да ги превземе податоците од другите институции. Нема логика зошто трговците да се оптоваруваат со оваа обврска, која веќе ја исполниле пред донесувањето на овој Закон.

Понатаму во однос на измената на членот 32 од Законот за трговија предлагачот вели дека ќе се забрза постапката на царинење и ќе се поедностави процедурата при увоз. Всушност со оваа измена постапката за ветувањето на гаранциите, декларациите и упатствата наместо пред царинењето ќе се врши по завршувањето на постапката за царинење и тоа замислете каде, во складиштата на увозниците. Претпоставувам дека сите сте се прашали, дали со ова практично не се отвора еден простор за разни злоупотреби и манипулации со увезените стоки, кои што секако на крајот би биле на штета на крајните потрошувачи и на трговските субјекти.

Почитувани колеги од парламентарното мнозинство, во овој случај надградено и проширено со коалицијата со ДУИ, треба да имате на ум, и да не заборавате, дека секое ваше гласање на некој закон има директен ефект и врз животот на секој граѓанин во Република Македонија, меѓутоа во исто време и на секоја фирма, компанија и на секој трговски субјек. Вие нормално може да пројдете илјадници закони на овој начин, со брзање, без разправа, без дискусија, некој пат и без размислување, но големото мнозинство од 63 пратеници кое сега повторно ќе кажам е засилено со пратениците од ДУИ како ваш нов коалиционен партнер, не значи само удобност во носењето на законите. Тоа значи една огромна одговорност за одлуките кои што ги носите и една огромна одговоност и за државата, меѓутоа и за граѓаните на Република Македонија. И само поради тоа треба да се избегнуваат едни вакви избрзани законски решенија, а посебно такви кои што засегаат навистина многу граѓани во Република Македонија и многу стопанственици во Република Македонија. Во една ваква ситуација можам само да апелирам до вас , да се откажете од намерата за донесување на овој закон, ова е за мене да го наречам сив период, да почекаме до конституирањето на новата Влада. Ако пак законодавниот дом, во случајов Собранието не покаже една основна почит кон законите што ги носи и кон законите кои што ги донесува и практикува, тогаш самиот законодавец им ја одзема легитимноста на своите закони и работи директно против принципот на владеење на правото, што е еден од основните принципи на функционирање на една демократска држава.

Почитувани колеги, на крајот сите овие измени кои што за жал не беа прифатени од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, предложени од Социјал демократскиот сојуз, беа со една и единствена цел, а тоа е олеснување на некои од непотребните издатоци и на граѓаните на Република Македонија, меѓутоа и на трговците. Ви благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

За реплика се јави господин Пејковски Жифко, повелете.

**Жифко Пејковски :** Почитувани колеги,

Без разлика кој како ќе сака да го насочи вниманието настрана, и оваа расправа јасно покажува дека ВМРО-ДПМНЕ е партија која што се грижи за здравјето на младите луѓе, и затоа јас ќе бидам краток и ќе кажам само неколку работи.

Апелирам до сите, без разлика на политичка припаднсот, без разлика дали припаѓаме на ВМРО-ДПМНЕ или на СДСМ или на било која друга партија, сите да го вложиме својот авторитет и пред надлежните институции да се бориме за зачувување на здравјето на младите

луѓе, и со тоа сигурен сум дека многу ќе им помогнеме и ќе имаме здрава младина во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господин Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе,

Господине Пејковски не сакам да се сфатиме погрешно, дека Социјал демократскиот сојуз не се грижи за здравјето и иднината на младите луѓе. Напротив, значи само сакаме да обрнеме внимание на сумите кои што се предложени во овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со вашите амандмани предложени од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, во овој случај и зголемени. Ќе укажам уште еднаш. Имавме еден голем издаток со таканаречените фискални патриотски сметки. Просечно 60 илјади трговски субјекти по 200 евра, тоа се 12 милиони евра за пет... во Република Македонија. Во овој случај 30 илјади трговски субјекти по три нови издатоци на терет на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Георгиевски Ивица, повелете.

**Ивица Георгиевски:** Благодарам претседателе,

Прво, би сакал да му упатам на господинот Минчев една порака.

Многу е жално што ја утнавте темата за итноста за донесување закон. Токму овој закон е од тие закони кои што треба итно да се донесат кои се однесуваат токму на трговијата со алкохол во Република Македонија, која како што знаеме во последниве години зема огромен замав кај младите во Република Македонија, со што директно со сите овие ригорозни ставови што се донесени, особено со амандманите што ги донесовме денеска, се забранува продажба на алкохол на што е можно повеќе места. Значи, во овој момент Македонија е една од најлибералните земји, секаде може да се купи алкохол. Секое дете може да купи алкохол 24 часа. Со измените на Законот, максимално се скратуваат сите места и максимално се скратува и продажбата на алкохол. Можеби вас ви е проблем небуџетската каса, може партиската каса, може би ја полните од некои субјекти што продаваат алкохол на големо. Буџетската каса нема да се наполни со овие измени на закон, туку ќе се воведе ред и многу мал пристап ќе имаат младите, а и сите граѓани на Република Македонија до алкохолот како девијантна појава и како зло.

Исто така би сакал да зборувам за тоа дека во овој момент, за итноста на законот треба да се каже дека требаше многу порано да се донесе овој закон. Многу порано затоа што на тој начин ќе се спречат многу малди и особено оние што секој ден можеме да ги видиме по парковите во сите градови низ цела Република Македонија, особено по поголеми градови, да видите како се уништуваат, на овој начин ќе се спречи сето тоа, а со особено во делот каде што се забранува продажбата до 7,00 часот навечер. Незнам зошто ви е потребно да се продава алкохол во 24 часот. Се знае кога ќе се купи алкохол после 11, 12 , 1 на полноќ, што се случува после тоа. Значи, максимално е добро тоа што се носи измена на закон каде што алкохолот може да се продава до 7 часот навечер.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господин Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Почитуван господине Георгиевски, очигледно дека зборуваме со различен јазик.

Значи, повторно една замена на тезите, меѓутоа тоа е принципот за жал на водење на расправа на ВМРО-ДПМНЕ. Да констатирам, СДСМ не е против можноста за укинување на девијантни појави кај употреба на алкохолизмот од малолетни деца. Спориме единствено, пак би го нарекол полнењето на Буџетот со непотребни издатоци на мали трговски претпријатија. Замислете што ќе значи обврската на 30 илјади трговци да платат во овој момент на една инфлација од 10% по 500 евра, само за да добијат лиценца, па толку промет не прават за цел месец. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повлете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Јас многу накратко сакам да го искажам својот став околу целокупната оваа дебата, и околу начинот на кој што се донесува овој и сите закони во овој период во Собранието.

Доаѓајки наваму од еден медиум по телефон една новинарка ме запраша, да гокажам мојот став како делува или како ја гледам работата на Собранието на Република Македонија, и навистина ако беше ден покасно што не значи дека не можев и тоа и денеска да го кажам. После ова денеска што се случува може само да се каже дека Собранието на Република Македонија, работи како гласачка машинерија, се виде и со начинот на кој што се води оваа целокупна седница прво, Собранието без да размисли дека тоа е највисок законодавен дом, без да размисли дека е место на демократијата, без да размисли дека тука треба да биде врв на парламентарна демократија и дебата, прифати да се донесат многу закони, еве и ние прифативме во постапка итна и без формирана Влада. Ние гласавме како што гледате и вчера и денеска гласаме за одредени закони, но реагираме на одредени решенија. Факт е дека и парламентарното мнозинство е збунето од предлозите, фактот дека парламентарното мнозинство е збунето од предлозите се гледа и по бројните амандмани кои што се поднесуваат на оваа седница по оваа

точка, и тоа различни амандмани од различни пратеници по исти членови.

Значи, имаме  дилема. Дали на ваков начин како што е предложено треба да се реши подредено прашање. Значи имаме дилема. Овие закони што ги носиме, се одразуваат на грбот на граѓаните, овие закони ќе се имплементираат. По овие закони некој ќе живее или нема да живее и затоа не ни дава за право овдека да си играме игрaчки со поднесување 5 минути ваков амандман, 5 минути таков амандман и да го повлекуваме па после да се расправаме и да се караме.

Факт е значи, закони не се донесуваат по итна постапка, вакви закони кои што треба да овозможуваат живот на граѓаните. И само накратко бидејќи кажав. Социјалдемократскиот сојуз, пратеничкта група на Социјалдемократскиот сојуз, да  сфатат помалдите колеги, е против точење на алкохол и не откриле тие топла вода. Имаше Закон со кој се забрануваше точење алкохол на малолетници, со кој што беше уреден начинот и постапката за продажба на алкохолни пијалоци и сме за строго да се контролира начинот на продажба на пуштање на промет на алкохолните пијалоци. И немојте да мислите дека вие само се грижите за здравјето на младината, затоа што младина се и нашите деца, не се само вашите деца, и ние се грижиме за здравјето на младината, и немојте да се правите толку душогрижници дека сте толку загрижени за младината. Но вие сте власт, вие имате сега секакво мнозинство, вие имате сега и Бадинтерово мнозинство заедно со ДУИ, потрудете се не со казни, со овозможување на реален живот на младите да им овозможите да не посегаат по алкохолот и по дрогата. Со казни ниедно општество  не постигнало напредок во ниедна сфера. Казните ќе се однесуваат на трговците, но што правиме со младите кои што бесцелно лутаат секој ден и секоја вечер. Тоа што ќе најдат тие начин да ја решиме причината, да не ја решаваме последицата. Последицата е резултат на причината.

Уште нешто сакам да кажам. Зошто дебатираме волку по овој закон. Дебатираме затоа што сакаме строго и унифицирано да се каже кој може и кој не може, каде може да се продава алкохол. И гоподдржуваме тоа. Сакаме да не се оптоваруваат трговците со нови давачки кои што верувајте едвај заработуваат за живот. Зарем цената на лиценцата треба да биде покачена. Треба да бидат заострени критериумите кои што ги исполнуваат тие трговци.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, дали сте при крај, затоа што истече времето.

**Цветанка Иванова:** Цел ден со паузи се занимаваме заради амандмани и човек кога сака да каже нема време.

Претседателе, очигледно вие скате да ме прекинувате но јас сум опозиција и ќе зборувам колку што треба., и тоа зборувам навистина како што треба.

**Трајко Вељаноски:** Повелете.

**Цветанка Иванова**: Денеска СДСМ подржува таков закон каде што ќе имаме строги услови за продажба, но не подржува воведување на ново оптоварување на малите трговци. Воведовте патриотски фискални каси, воведувате сега нови давачки за лиценци. Воведувајте, отежнувајте му го животот, ние само ќе говориме, ќе укажуваме народот нека гледа.

И Уште нешто. Денеска е 9 јули, голем ден за Западен Балкан. Голем ден за групата земји од А-3. Денеска наместо да зборуваме зошто Република Македонија повторно се најде и зад Албанија, а беше и пред Хрватска ние зборуваме за алкохол и за заштита на младите од алкохол.

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ) Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа дека истече времето, давам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 14,03 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе.

Очигледно причината заради која што ја наведовте за распишување на предвремените парламентарни избори, а тоа е полна сала во Собранието на Република Македонија не се оствариле, покрај големиот број на пратеници кои ги имате, салата е празна и нема никаков интерес за дебата по законите. Тоа е цехот кој што граѓаните ќе го платата, се разбира, и со брзоплето донесување на законски решенија кои што само се гледа да се прелетаат брз суштинска дебата и без сериозно да се разгледаат последиците по ваквата имплементација на ваквите решенија кои што се предлгаат.

Ова е веќе не знам кој по ред изменување на законот за трговија, меѓутоа за жал, можам да констатирам дека во мандатот во кој што ВМРО-ДПМНЕ е на власт, измените во законот за трговија ги правиме многу често на ваков начин и тоа со нивните смислени образложенија. Се сеќавате на почетокот на мандатот во 2006 година долго разговаравме за Законот за трговија кога го изменивме времетраењето на работното време под образложение дека наводно на тој начин ќе се зголемеле работните места во Република Македонија. Меѓутоа, ние и покрај тоа што тогаш предупредувавме дека тоа само ќе придонесе за злоупотреба на работната сила и на оние кои што веќе се ангажирани и работат во продавничките, во другите објекти, нашите аргументи не ги прифативте и се покажа дека

таквото решение не само што го намали бројот на невработени, туку напротив бројот на невработени лица во Република Македонија се зголеми во текот на мандатот на ВМРО-ДПМНЕ, почнувајќи од 2006 година па наваму. Уште повеќе излезе, за жал, дека сме во право и дека експлоатацијата на работните и злоупотребата на нивното право на одмор е голема, уште поголема по зголемување на работното време со измените на тој закон за трговија кои што ги направивме. Сега за сега повторно се соочуваме со измени кои што кога би сакала да ги дефинирам само со една реченица можам само да кажам дека со овие измени на ваков начин со прифаќање на амандманите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со зголемување на сите давачки кои што ќе ги засегнат и најмалите продавници за малопродажба, вие практички го озаконувате рекетот кои што прилично добро го применувате во текот на вашиот мандат. Нема потреба да кажувам примери, многу сопственици се соочуваат секојдневно со такво рекетирање во овој случај ќе мора да се соочат со фактот дека тоа ќе биде нивна законска обврска и дека за тоа уште повеќе ќе мораат да одговараат.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ, заради тоа што веќе има изјави дека се усогласени ставовите и дека ќе се работи на иста платформа, оди во насока на дополнително оптоварување на трговецот и на малите стопанственици за сметка на полнење на буџетската каса која што се разбира повторно ќе се троши за рекламни кампањи во кои ќе се величат или неговото величество премиерот, или пак некои други одредени политики, за кои што досега не сме слушнале премиерот да собере храброст ниту да одговори колку ги чинат граѓаните на Република Македонија, ниту пак да каже кои се ефектите од таквите бесмислени рекламни кампањи за кои што се одлеваат оргормни средства од Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, тоа за ВМРО-ДПМНЕ не е важно, единствено е важно Буџетот да е полн и да има доволно средства, буџетски средства, доволно средства од граѓаните на Република Македонија, за да си прават рекламна кампања и на тој начин да создаваат виртуелна реалност кај граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, знаете како е, тоа е како меур од сапуница, можете да го дувате, но еден ден ќе пукне, а тогаш ќе биде катастрофално и се надевам дека сте спремни за тој момент да ги прифатите сите последици од вашето неразумно и несериозно водење на државата и несериозно носење и предлагање на закони.

Единствено што можам да констатирам, што ми останува на крајот на дискусијата да констатирам е дека покрај сите други давачки кои што беа зголемени во овој период, се надевам дека граѓаните на Република Македонија ќе сфатат дека политиката на намалување на даноци и на олеснување на давачките на граѓаните е само фарса и само на хартија и само на рекламните спотови на Владата, затоа што ако од една страна Владата на ВМРО-ДПМНЕ воведе рамен данок под изговор дека на тој начин ќе се олеснат давачките, а со тоа само овозможи богатите да станат уште побогати, а сиромашните уште посиромашни, сите останати давачки во Република Македонија ги зголеми и на тој начин успеа да го обремени уште повеќе џебот на буџетот, домашниот буџет на секој граѓанин на Република Македонија. Успеа да спроведе економска политика со кој што се овозможува секојдневните трошоци на граѓаните за живеење да бидат уште поголеми. Единствениот успех што оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ го има, тоа е во зголемувањето на секојдневните трошоци на живеење на граѓаните на Република Македонија, а ништо во смисла на олеснување и на она што го пишува и во програмата на ВМРО-ДПМНЕ и во проширена и не знам каква наречете ја сега, ниту пак во нивните рекламни кампањи.

Очигледно е дека добивме парламентарен состав по желба премиерот, парламентарен состав кој што ќе молчи и така молчешком ќе ги поминува законите. Парламентарниот дом ќе се претвори во фарса, вашата заложба за јак Парламент, господине претседателе од старт покажувате дека воопшто немате намера да ја спроведете, заради тоа што ваков начин на функционирање на Парламентот на Република Македонија е непознат, не само за Македонија, туку и за други држави во светот во услови кога имаме само мандатар дефакто имаме само техничка влада, ние носиме закони кои што воопшто не се по итна постапка, меѓутоа индикативно е тоа што за премиерот Груевски и за Владата на ВМРО-ДПМНЕ под итна постапка мора да се донесат закони со кои што ќе се зголемат давачките на граѓаните на Република Македонија. Тоа е единствената тенденција на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници)

Во салата се присутни 61 пратеник и може полноправно да се одлучува.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 56 пратеника, сите 56 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на закон за престанување на важење на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компезација на цената на некои прехрамбени производи**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Нема)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 61 пратеника, сите 61 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важењето на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компезација на цената на некои прехрамбени производи.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на закон за техничката инспекција**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски, Весна Бендевска поднесоа амандмани на член 5 став 1 за додавање ова алинеа 5 по алинеата 4, член 9 став 1 за додавање нова алинеа 9 по алинеата 8, член 12 за додавање нов став 7 по ставот 6, член 19 за додавање нова точка 4 по точката 3, член 19 за додавање нова точка 7 по точката 6 и член 26 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за додавање нова алинеа 5 по алинеата 4, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа од причини што предложениот закон е изготвен врз основа на европски директиви кои го сочинуваат хармонизираното подрачје, а кои се транспонирани во правилник за опрема под притисок, правилник за преносլива опрема под притисок, правилник за лифтови и правилник за уреди кои работат во потенцијално експлозивно средство. Целта на законот е надзор над производите кои треба да ги задоволуваат условите на производството при прво пуштање во работа и периодичен преглед од страна на овластени технички тела. Сите производи од аспект на безбедност се опфатени со директивите. Законот не разликува дали се користи на високи или ниски температури, во влага, на суво, или било какви влијанија на околината. На пример, европскиот хармонизиран став е ЕН 1251 предвидува барање за безбедност за опрема под притисок кој се користи на температура под минус 80 степени. Додека серијата хармонизиран стандард ДМ 12952 предвидува барање за прегреваچи на пареа кои се изложени на оган на температура до 700 целзиусови степени. Обата стандарди се европски хармонизирани и припаѓаат на областа опрема под притисок. Законот за технички инспекции, уредувајќи ја областа опрема под притисок го регулира и користењето на двата типа на опрема под притисок, независно од разликата во условите на користењето односно од температурата. На овој начин со овие примери сакам да укажам дека и во другите 4 потточки кои го опфаќаат овој закон на ист начин се регулирани дали е под висока температура, или ниска температура, се опфатени во законот.

Исто така, овој закон дава ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, сега расправаме по амандманот конкретно.

**Киро Спанџов:** Реков дека амандманот не се прифаќа, но сакам да го образложам зошто не се прифаќа, за да можат пратениците да сфатат. Овој закон фактички дава општа безбедност и заштита на околината. Ние за заштита на работниците имаме посебна клаузула во законот за заштита при работа. Таму се опфатени високите температури и ниските температуви. Со ова сакам да укажам дека законот е комплетен и не треба да се прифати овој амандман кој што е даден за посебни ниски температури. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Идеата на предлагачите на амандманот е да се специфицира делот на производите и постројки наменети за работа во амбиент на високи температури, а се однесува на покривање на една област од индустријата, која е многу развиена во Република Македонија, тоа се железарите, валалниците, каде што има посебен режим на работа, дали е тоа Мак Стил или други сродни организации каде што имаме понекогаш за жал, се случуваат и несакани несреќи. Се разбира, од аспект на заштитата на она што го рековте вие и за законите што постојат други, претпоставуваме дека е корисно инспекторатот кој врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користењето на техничка опрема, ако е таа опрема под притисок, лифтови, жичари, дигалки, транспортени, производи, постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера, електроенергетски постројки, електрични производи и уреди, експлоатација на минерални суровини, не мислам дека производите и постројките наменети за работа во амбиенот во високи температури отскокнуваат од овие алинеи како една значајна област во индустријата во Република Македонија. Посебно што таа опрема се користи како примарно производство и опрема во амбиент на високи температури кои што се специјално конструирани за таа намена.

Сите амандмани се поврзани со оваа имплементација на оваа опрема. Ние ќе останеме на нашиот предлог, иако би било коректно ако се повикувате на европска директива, тогаш секако и законот да има знаменце на Европската унија, па тоа да биде поткрепено со ова што го кажавте со табела на усогласеност која ќе оди во прилог на законот онака како што треба да изгледаат законите. Сепак, ние ќе останеме на нашиот амандман. Мислам дека разграничувањето не смета дека експлицитно не се подразбира и дека мислам инспекторатот треба да се позанимава и со овие облсти за кои што реков се една индустрија која што за среќа во овој момент е развиена и поприлично учествува во индустрискиот раст на нашата држава. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за гласаа 9, 1 воздржани, 54 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот гласаа вкупно 64 пратеници, од нив за гласаа 9 пратеници, воздржано еден и против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не усвои амандманот на член 5 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 4, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за додавање нова алинеја 9 по алинејата 8, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа бидејќи е поврзан со првиот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Таман најдовме некој заменик министер или министер кој ќе образложи зошто не се прифаќа амандманот, вие и тоа не го оставате да го направи.

Реков овие амандмани се поврзани, амандмните кои следат се практично иплементација на амандманот што го дадовме на почеток, што не беше прифатен, а тоа е приозводите и постројките за работа во амбиент на високи температури да бидат дел од инспекција што би ја правел државниот инспекторат за техничка инспекција, така што преостанатите амандмани 2 и 3 ги повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека овој амандман е повлечен.

Исто така, констатирам дека амандманот на член 12 за додавање на нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска е повлечен.

Дали има друг?(не)

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа. јас мислам дека за првиот амандман образложив зошто не се прифаќа, ќе образложам и за овој. Амандманот не се прифаќа посебно што е во тек проект за европска агенција за реконструкција со кој треба да се дефинира процедурата за работа на

инспекторатот. Процедурите и извештаите на независните тела за периодична инспекција се дефинирани со стандардот ЕН 17 020, европски стандард за инспекциски тела. Независните тела за периодична ќе мора да бидат сертифицирани односно акредитирани според овој стандард. Европскиот пристап е намалување на бројот на правни акти и правилници, зголемување на бројот на техничките упатства. Затоа обликот и формата на еден технички извештај може да се опише со техничко упатство. Оценка е дека посебен правилник не е потребен за ова. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Реков и пред малку, и вие може да се повикувате на стандарди и директиви кои не можеме сега да ги видиме овде и да дебатираме соодветно. Тоа е вашата предност, а нашиот хендикеп дека во оваа гомила на закони по итна процедура и сите решенија можеби се во согласност со некои стандарди кои можеби сме ги прифатиле, можеби не.

Инаку, зборуваме за дел од потребат од регулирање со посебен правилник на обликот и со составот на извештајот кој го врши техничкиот преглед, а кој треба да биде пропишан од министерот за економија. Мислиме дека само со ова што го предлгаме, состав и облик на извештајот од техничкиот преглед и периодичните испитувања ќе се направи унификација на процесот кој што само ќе помогне во добивањето на едни стандаризирани извештаи.

Ќе опстоиме на нашиот амандман, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, од нив за гласаа 11, воздржан нема, против 51 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?Нема никој.

Дали има некој водржан? Нема.

Кој е против? Никој.

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеника, од нив за 11, воздржани нема, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нова точка 7 по точката 6, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам. И овој амандман не се прифаќа, фактички се предлага Министареството за економија да подготви правилник за материјални надоместоци за извршителите . во законот сега предвидуваме правни субјекти кои ќе вршат контропла и треба министерството сега да наметне по кои цени и по кои услови треба да се работи тоа. Сметаме дека е подобро да се пушти слободно на пазарот бидејќи , самите критериуми за понуда и побарувачка се дефинирани во самите стандарди и стандардот дефинира што тој правен субјект што е регистриран за контрола ќе понуди на пазарот. Државниот инспекторат за техничка инспекција би можел да наплатува трошоци само во случај на прво пуштање на работа и тоа како такса. Висината на таксата ќе биде определена од Министерството за економија.

Во другиот дел фактички е пазарна економија и треба субјекти што ќе бидат акредитирани за таа работа да излезат на пазарот и да ја нудат својата услуга.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Заради причините заради кои вие го одбивате амандманот, ние го предлагаме. Мислам дека техничките прегледи и надзорот што се врши е пресериозна работа за да дозволиме на пример човек фирми со мало искуство да направат надзор над високо ризични мишн критикл апликации или процеси кои се дадени во законот. Значи унификацијата и начинот на плаќањето пропишано од министерството ќе стандардизира еден квалитетен извор. Не зборув аова против компетитивноста и поголемата конкуренција. Се плашам дека ќе настане подценување или некои ќе влезат со дампинг цени кои може заради поефтино некој да го направи надзорот од кој што може да има катастрофални последици, да се потсетиме што се случи во соседна Албанија со оние инспекции што ги правеа на оружје или во магацините за оружје од нон-ем фирма од домашно потекло за таа земја.

Затоа, мислам дека е добро Министерството за економија да пропише едни стандарди што ќе бидат построги, кои треба да се исполнат, се разбира да ја дефинира можеби минималната цена, но мислам дека кога нема еден јасен правец и правилник за висината на надоместоците, начинот на плаќање и обрвските кои произлегуваат потоа, не сакам да бидам

пророк, но се плашам дека тоа може да доведе до некои несакани последици. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив за гласаа 11, воздржан нема, против 54 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?Нема никој.

Дали има некој водржан? Нема.

Кој е против? Никој.

По амандманот вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за 11, воздржани нема, против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за додавање нова точка 7 по точката 6, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам. И овој амандман не се прифаќа. Фактички би сакал да дообјаснам сега, претходната дискусија и овој амандман се однесува. Имаме правни субјекти кои ќе бидат акредитирани. Тие правни субјекти се со одредени критериуми и имаат исполнето одредени стандарди. Тие нема да бидат било кои фирми со еден вработен итн. За да се исполни тоа сега предлагаме да има и осигурување, кое во Европа се движи многу повеќе. Според искуствата во европските земји има осигурувања и до еден милион евра. Ние ставивме овде триста илјади евра ценејќи да не се оптоваруваат овие акредитирани приватни субјекти, со тоа што нивните трошоци за осигурувањето нема да бидат повеќе од 3 до 4 илјади евра. Тоа е целта и ако се симне тоа, нема некоја гаранција за нивното работење. Фактички заради тоа се предлага осигурување.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Во законот цела глава 5 е посветена на условите што треба да ги исполнуваат независните правни лица и тука се дефинирани стручниот кадар, која методологија ќе ја користат, начинот на формирање на тоа независно правно лице ос аспект на стручност, колку луѓе треба да имаат итн. Кога во десетина члена се дефинирани условите што треба да се исполнат, кога треба да се сертифицира за акредитацијата, се наложува на тоа независно правно лице да осигура во вредност од 300 илјади евра. Ние можеме да зборуваме за милион евра според примерот што го дава за Германија, ама Македонија и Вера Рафајловска се далеку, бог и шеширџија, од Германија. Да не правиме муабет и споредби што не држат. Зошто даваме во 10 члена во цело поглавје дефинирање на методологијата и акредитацијата и плус ние му даваме барање од 300 илјади евра, а во членот 23 велиме дека независното правно лице треба да биде ослободено од сите притисоци, особено финансиски кои може да влијаат врз процената и разулататите од техничкиот преглед. Кога нему ќе му дадете 300 илјади евра осигурување, тогаш јас ве уверувам кога не го прифативте претходноит амандман , а ќе може да се дефинира да нема граница долна или горна на цената , тогаш тоа некој многу брзо ќе го наплати по партиска основа и ќе бидеме сведоци, ќе ви дадам примери во иднина што ќе се случи.

Ќе опстоиме на овој амандман бидејќи вие барате од правното лице да исполни услови, да работи по правилници, да работи по стандарди, стручно да се усовршува, да работи по одредена стандардизација, фирмата да ја стандардизира, плус и да се осигура 300 илјади евра во случај на оние испитувања што ги прави, така што мислам апсолутно непотребно е само да се оптоварат независните лица и практично да се направи дискриминација на оние кои што сакаат и умеат да работат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив за гласаа 10, воздржан нема, против 55 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?Нема никој.

Дали има некој водржан? Нема.

Кој е против? Никој.

По амандманот вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за 10, воздржани нема, против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 2, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Горан Мисовски и Весна Бендевска.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?Нема никој.

Дали има некој водржан? Нема.

Кој е против? Никој.

По Прдлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за гласаа сите 67, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за техничката инспекција.

**Минуваме на точката 20-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за чек.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Цветко Грозданов поднесе амандман за менување на член 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менуивање на член 4, поднесен од пратеникот Цветко Грозданов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас поднесов амандман на членот 4 кој гласи: во членот 6 став 2 се менува и гласи: трасатот на кој е трасиран чекот мора да одобри исплата на чекот и ако трансатот нема покритие.

Образложението е амандамнот се предлага со цел да се подобри платниот промет, како и одговорноста за издавање на чекот да ја преземе трансатот. Ќе напомнам само во членот 3 чек во смисла на овој закон претставува средство за плаќање , дека чекот претставува наредба која трансатот ја дава на трасатот да исплтаи одредена сума пари на реминтентот кој наведен на чекот или на самиот трасант.

Јас ќе напомнам исто така дека со цел за подобрување на платниот промет во минатиот период имавме можност со која се вршеше плаќање со чекови и со акцептен налог и барирани чек. Ова личи како враќање како порано, со акцептниот налог ссе даваше можност да се блокираат сметките на одредени правни лица во кои не ќе можевте никогаш, можеби некогаш да извршите наплата на она што се вашите побарувања. Со барираниот чек исто така ќе го предадевте во банка, банката ќе го примеше и Ќе кажеше дека со овој чек не може да изврши наплата затоа што правното лице нема на својата сметка доволно средства и дека можете сето ова да го регулирате преку судски пат.

Ќе напомнам дека во она што се казнени одредби на законот според Кривичниот законик, мислам дека беше член 90-секое лице, како и одговорно лице на правнот лице кое Ќе издаде или пушти во промет чек без покритие поради што ќе настане штета на еден или повеќе субјекти се казнува со затвор од една до три години.

Јас сметам дека со овој амандман кој што јас го давам само се допрецизира можноста дека некој правен субјект ќе ја преземе одговорноста за пуштањето во промет на чекови кои ќе немаат покритие или доколку банката како што пишува во членот 6 став 3, ќе го прочитам: “Покритието на трасантот задолжително е во пари, во парично побарување на трасантот од трасатот или одобрен кредит” , ова “одобрен кредит” дава можност за она што е првиот пасус во кој што вели чекот на трасатот се трасира само на банка кај која трасантот има покритие со кое може да располага преку чекот, сега тука имате запирка, и вели “врз основа на безусловна или премолчена согласност на банката”. Премолчена согласност на банката може да биде издавање на чек без покритие, во кое ќе се случи два правни субјекти кои ќе одат кај трет правен субјект, пластично ќе објаснам, ќе се обиде да го откупи или да направи платен промет, оној кој ќе ги земе чековите ќе може да појде во банката и банката да каже се извинувам, на неговото конто на овие два правни субјекта немате доволно средства за исплата, ќе морате судски да се обратите.

Господине претседателе дали ме слушате? Не, не завршив да дообјаснам. Значи ќе може да се направи еден правен вакум во кој што не ќе можете да извршите наплата. Во овој случај одреден правен субјект може да биде загрозен и да отиде до стечај. Вака кога банката ќе биде гарант затоа што и правно и казнено реков според Кривичниот законик не може да издава чекови без покритие, тогаш би било сосема правно регулирано да може да ги издаде само чековите врз основа на она што се покритие. Доколку имаме покритие што ќе биде тоа страшно банката да го гарантира наплаќањето на чекот. Тука мислам дека нема ништо, а со овој начин се дава можноста за зголемувањето на довербата помеѓу клиентите поточно помеѓу оние правни субјекти кои ќе вршат наплата или вршат платен промет со помош на чек. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Само едно мало дообјаснување. Значи требаше да поминат многу години Република Македонија тогаш беше последна земја во која што циркулираа на еден многу чуден начин така наречените гарантирани чекови, да се откаже таа практика како и сиот современ свет.

Со амандманот некако се бара враќање на таа практика за гарантирани чекови. Значи духот на употребата на чекот како платежно средство а не како средство за гарантирање на плаќањето или долговите е токму во ова што се предлага и со измените а и со самиот Закон за чек.

Оттаму не е прифатлив овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика господин Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Јас повторно ќе кажам дека во членот 6 значи она што е пасусот еден, врз основа на безусловна или премолчена согласност на банката. Банката ќе може со премолчена согласност да изврши кривично дело пуштање во промет на она што се чекови.

На тој начин можеме да дојдеме до немање на покритие од страна на одреден правен субјект во кој ќе сака да изврши плаќање со помош на чек. Не станува збор, а и може да стане збор за физички лица, но овде најчесто станува збор за правни лица во кои имаме големи суми, кои се клиенти на големи банки.

На тој начин Владата на Република Македонија во периодот кој доаѓа ќе формира правен субјект во кој ќе има целосен надзор над моќноста на самите граѓани на правните субјекти. На овој начин банката ќе може да си даде такво право да ја земе одговорноста да издаде таков чек.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, 17 пратеници гласаа за, 4 воздржани, против гласаа 38 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

По амандманот вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за гласаа 17 пратеници, 4 воздржани, против гласаа 38 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4, поднесен од пратеникот Цветко Грозданов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за чек.

**Минуваме на точка 21 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, кратко образложение.

Со цел да се изврши целосна фискализација на сите даночни обврзници кои се должни да воведат и користат одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања и задолжително да издаваат фискална сметка за извршениот промет односно за извршената услуга со Законот се предлага за даночните обврзници кои вршат промет на добра и услуги на зелените пазари набавката на одобрен фискален апарат односно фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања да ја врши трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало.

Ваквата обврска се воспоставува за трговци и занаетчии кои се регистрирани во соодветниот регистар. За земјоделските производители кои се регистрирани односно евидентирани, согласно Законот, понатаму за лица кои се бават со земјоделство како и лица кои се во работен однос или се пензионери, а не се вршители на земјоделска дејност.

Со Законот се предлага допрецизирање на одредбите во однос вршењето на контрола од страна на даночните инспектори, а согласно одредбите на Законот на Управата за јавни

приходи со доставување на работен налог непосредбо пред отпочнување на контролата.

Доколку при вршење на контролата даночниот инспектор потврди дека даночниот обврзник нема воведено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања или на прометот или не го регистрира прометот преку фискален апарат или не издава фискална сметка на купувачите односно корисниците на услугата.

Му изрекува забрана за вршење на дејност во деловната просторија или објект каде е извршен инспекцискиот надзор и тоа за даночен обврзник правно лице 30 дена, а за даночен обврзник физичко лице 15 дена. За констатираната незаконитост ќе му се наложи да плати мандатна казна.

Ако кај даночниот обврзник при повторен инспекциски надзор се утврди истата незаконитост односно неевидентирање на прометот или не издавање на фискална сметка даночниот инспектор повторно ќе му изрече забрана за вршење на дејност на тој објект во пропишаните рокови.

За трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало доколку не набави одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за даночните обврзници кои вршат промет на добра и услуги на зелените пазари се предлага да му се изрече глоба во висина од 4 до 5 илјади евра во денарска противвредност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Во текот на денешниот ден ова е втор закон со кој Владата се обидува, а имајќи во предвид расположение на владеачкото мнозинство ќе ги донесе, еден закон веќе донесе, овој е пред донесување, со кој на трговците повторно ќе им се усложнат условите за работа.

Претходно со Законот за трговија им се воведоа нови давачки кои за некои од нив ќе бидата многу високи и тешко ќе можат да опстанат во овој бизнис, а со овој закон се предлага да се изврши фискализација на зелените пазари. Еден ваков проект постоеше во претходниот состав на Парламентот и тогаш Владата по протестите на пазарџиите или луѓето кои држат тезги под закуп на зелените пазари се повлече и не го донесовме овој закон во тогашниот состав на Парламентот. Сега очигледно по добивањето на новиот мандат политички пресметано дека е добро да се донесе на почетокот на мандатот овој закон, Владата повторно го доставува Предлогот да се изврши фискализација на пазарџиите на зелените пазари.

Она што е дискутабилно е начинот на кој Владата предлага да се изврши фискализација. Околу прашањето за одговорноста за реакција на пазарџиите, луѓето кои работат на пазарите и продаваат производи Владата ќе треба да се соочи со нив и да им објасни како и зошто планира, бидејќи тие бараат нивното оданочување да биде паушално.

Сега се предлага правните и физичките лица во најголем дел тоа се јавните претпријатија кои стопанисуваат со пазарите да бидат одговорни за набавка на фискални системи кои потоа веројатно би ги издавале на луѓе кои вршат закуп на тезги на пазарите.

Сега на некој начин Владата прави обид одговорноста околу фискализацијата да ја префрли од Управата за јавни приходи, од Владата, од Министерството на јавните претпријатија и очигледно ќе се правда дека таа не е виновна, дека тие мора да го спроведуваат Законот за регистрирање на готовинските плаќања. Обидот можеби ќе ви успее министре може нема да ви успее, но кога законот ќе стапи на сила реакциите неминовно ќе следата од страна на пазарџиите и ќе прашаат зошто јавните претпријатија не можаат да ги пуштат на пазариште доколку не земат фискален апарат за да го регистрираат готовинското плаќање.

Мојата претпоставка е иако не знам АД Скопски пазар набави 500-600 фискални апарати дека на секој што ќе дојде да продава на тезга на нивниот пазар ќе мора да му издаде фискален апарат. Тука се поставува прашањето прво како ќе се регистрираат овие фискални апарати, бидејќи знаеме дека за правно лице кое регистрира фирма фискалниот апарат се издава лично на таа фирма и служи за регистрирање на прометот на тоа правно лице и има единствен даночен број.

Овде се претпоставува дека на зелениот пазар еден фискален апарат можат да го користат во текот на еден месец, во текот на една година повеќе различни пазарџии кои продаваат на пазарот. Како на тој начин утре кога ќе се изврши контрола на тој фискален систем ќе се утврди чија е одговорноста ако има одредено неусогласување.

Значи, може да се случи фискалниот систем да покажува одреден промет доколку оној што го зел под закуп е ревносен и редовно ги издава фискалните сметки, меѓутоа, кој ќе утврди дали на тој промет е платен реалниот данок. Бидејќи по завршувањето на пазарот претпоставувам дека оној што го зел под закуп фискалниот апарат ќе го врати во пазарот и си заминува. Како вие после ќе утврдите дали данокот е исправно платен и ако не е платен кој ќе ја носи одговорноста. Знаеме дека од овде следат прекршочни санкции со одредени парични износи доколку постои отстапување.

Втора работа е има трговци кои се даночни обврзници по основ да имаат право да враќаат дел од својот данок ако имаат промет над одреден износ. Дали и тие ќе бидат задолжени да земаат фискални апарати само од претпријатието кое стопанисува со пазарот? Што во тој случај?

Бидејќи тој утре ќе треба да си побара, врз основа на свои влезни фактури, повраток на ДДВ. Дали тие ќе имаат посебни фискални апарати.

На кој начин едноставно ќе овозможите контрола на тоа дали е реално платен данокот врз основа на фискалните апарати кои се издадени. Мислам дека тоа прашање треба да го одговорите, бидејќи е суштинско за работењето.

Претпријатијата кои стопанисуваат со пазарите ќе ги купат фискалните апарати сакале или не ќе мораат, бидејќи законот предвидува прекршочни одредби и ќе мора да ги издаваат на оние кои закупиле тезги. Што во случај ако некој го оштети апаратот, што во случај ако некој го земе апаратот и како ќе ги регистрираат овие фискални апарати претпријатијата кои стопанисуваат со пазарите?

Тоа се сериозни прашања, јас знам дека на крајот целиот цех околу оваа работа ќе го платат граѓаните прво претпријатијата кои стопанисуваат со пазарите ќе ги качат таксите за закуп на тезги, ќе воведат такси за издавање на фискалните апарати, а оние кои продаваат, бидејќи ќе имаат поголем трошок ќе ги зголемат цените на своите производи.

Затоа мислам дека решението кое сте го одбрале во неможност или несакајќи вие да се соочите со гневот на пазарџиите поради фискализацијата, во пракса ќе создаде повеќе проблеми отколку реално ќе профункционира.

Од тие причини мислам дека законот треба да го повлечете, имаше одредени состаноци со претставниците на правните лица кои стопанисуваат со пазарите, се стигна до одреден договор, но дојдоа изборите и сега очигледно договорот не се почитува.

Повторно и овој закон, како Законот за трговија, во пракса ќе создаде само одредени недоразбирања и проблеми, веројатно и до блокада на работење на одредени пазари отколку навистина ќе помогне да се изврши реално регистрирање на готовинските плаќања на зелените пазари. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Претседателе, мислам дека колегата Николов со својата дискусија работата ја води на сосема погрешна страна заради тоа што различно се интерпретира она што го предлага законот.

Во Законот на ни едно место не е спомнато дека пазараџиите ќе бидат тие кои се обврзани да ги имаат тие фискални апарати, тие фискални каси.

Добро е кажано на почетокот токму поради заштита на нив дека за даночните обврзници кои вршат промет на добра и услуги на зелените пазари набавката на одобрен фискален апарат за опрема за регистрирање на готовинските плаќања ја врши трговецот кој организира зелен пазар.

Токму заради тоа, почитуван колега, не можеме да зборуваме дека со тоа ќе биде навлечен гнев кај пазарџиите заради тоа што обврска ќе биде на Скопски пазар или на Кочански пазар, или Битолски пазар каде како се викаат тие да го организираат и на посебен начин уредат.

Овие прашања што ги поставувате дали ќе го врати исправен апаратот, дали ќе го користи апаратот, дали ќе го скрши или продаде на некој друг, тоа се односи кои настануваат меѓу нив двајца како корисник на уредот и давател на услугата од страна на уредот.

Воопшто не треба да ја извртуваме реалната состојба односно реалната примена на овој закон заради тоа што, ќе се потсетиме дека заложба на оваа Влада е сите готовински плаќања во оваа држава да бидат опфатени, да бидат покриени, да бидат регистрирани за да немаме случаи на даночни затајувања, за да немаме случаи на даночна евазија што впрочем се покажа со наплатата на даноците во последните две години.

Токму заради тоа мислам дека работата треба да биде прикажана онака како што е. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Колегата Димитровски се обиде повторно да ја дефокусира целта на овој закон. Искрено ми е жал што министерот за финансии има поважни работи, не сака да ни одговара на овие дилеми, меѓутоа, законот ќе дојде на сила, ќе се соочат со реакциите на граѓаните.

Прво, господине Ратко Димитровски вие имате фирма, претпоставувам, не знам дали имате фискална каса и вашата фискална каса е точно регистрирана на вашиот даночен број. Како е сега вие да му ја дадете фискалната каса на некој друг тој да врши регистрирање на готовинскиот промет дали пишал или не пишал утре ќе ви ја врати фискалната каса и ќе испадне несогласување со данокот што сте го платиле со прометот што е регистриран во фискалната каса. Кој ќе биде одговорен тогаш? Вие ќе велите јас го дадов на друг и не сум одговорен? Како ќе го објасните тоа? Вакви ситуации ќе се создаваат во пракса.

Втора работа, вие не можете да велите дека фискалните системи нема да ги користат даночните обврзници, ќе ги користат, само ќе ги набави претпријатието кое стопанисува со пазарот, но мора да им ги даде на даночните обврзници.

Не може да го пушти на пазарот ако не му даде фискална каса затоа што ќе бидат казнети. Потоа ќе дојде даночен инспектор и на секој даночен обврзник ќе му врши контрола дали го регистрирал прометот. Дали ќе успее Владата тоа редовно да го прави? Не верувам дека може сите пазари да ги покрие и редовно да ги регистрира, што пак ќе се појави колку данок, реално, е

платено. Кој ќе утврди, врз основа на прометот што е покажан во фискалните каси иако има неусогласување кој ќе ја плати разликата. Ќе го товарите претпријатието кое стопанисува со пазарот? По кој основ. Значи не може тоа да не биде објаснето во законот, ако Владата наумила да врши фискализација на зелените пазари. Како тоа ќе се регулира, или како ќе гласат фискалните апарати. Затоа, немојте да ја замајувате јавноста. Ќе видитте кога ќе дојде во пракса како ќе се имплементира овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Едно појаснување за господинот Марјанчо Николов.

Секако фискалните апарати нема да шетаат од рака во рака УЈП склучува договори за користење со корисниците.

Дилемата дека наводно тие можат да шетаат од рака в рака доаѓа под едно непознавање на една одредба од законот за регистрирање на готовински плаќања дека земјоделските производители кои продаваат производи од сопствено производство не се обврзани да поседуваат фискален апарат. Тие се тие кои спорадично се појавуваат на тезгите. За разлика од нив, на тезгите на зелените пазари има бизниси кои на исто место се со години. Ова идредба или фискализацијата се однесува на нив затоа што тие по ништо не се разликуваат од другите трговци кои ја обавуваат својата дејност надвор од границите на зелените пазари.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авирови:** Делумно министерот објасни за кои обврзници се работи односно се потребни тие фискални каси. Меѓутоа и една друга дилема да расчистиме.

Прво, фискализацијата на пазарите е задолжителна заради влезот во Европска унија, што не знам сега каде се јавува дилемата и отпорот за воведување на фискализација на зелените пазари. Неа ние мораме да ја извршиме кога тогаш и во блиска иднина ќе треба да бидеме и дел од Европска унија.Како ќе им кажете вие на луѓето ако утре влеземе во Европска унија, а ние ќе го отвориме поглавјето. Ние неминовно ќе го отвориме тоа поглавје и мораме да ги подготвиме луѓето и еден ден да ја преземеме истата законска регулатива и за нашите трговци на зелените пазари. Значи непотребно е да создаваме отпор за нешто што утре треба задолжително да го отвориме како поглавје и да го примениме во пракса. Значи ние можеме само да се грижиме за тоа како најдобро во овој момент да создадеме услови за таа припрема. Затоа, би апелирала и би сугерирала, да не се создава непотребен отпор. Тоа што мора да го направиме е да ги подготвиме нашите луѓе и на зелените пазари да имаат фискални каси, а не станува збор пак и да ја намалиме сивата економија која нас и те како ни смета во развојот на нашата економија.

Тоа се две работи кои сакав да ви ги предочам, бидејќи и тие секако треба а се земат предвид.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал да колешката да и идговорам. Имено, ако толку беа загрижени за Европска унија немаше две години по ред да добиваме негативни извештаи, без датуми за преговори, а денес веројатно немаше да седиме во салата во Собрание, туку ќе славевме на плоштад, околу приемот во НАТО.

Прашањата односно дилемите кои ги поставувате не ви се во ред. Законот не може да профункционира во пракса. Тоа е главниот проблем. Не можете сега да објаснувате дека некој е против. Постојано ги менувате тезите. Зборуваме за практична примена на законот. Или носите закон кој ќе се примени, или носите закон колку да имте таков закон, а овој закон ќе создаде само проблеми.

**Трајко Вељаноски:**Благодарам.

Има збор господин Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Да кажам нешто околу тоа што го изнесе министерот за финансии.

Прво, господине министре вие сте само делумно во право. Такви правни лица, трговци занаетчии и други кои имаат редовни тезги на пазарите се 5 до 10% од вкупните места, како тезги на пазарот. Дури и во тој случај, кажете на чие име ќе гласи фискалниот апарат. Како ќе се носи одговорноста ако има несогласување, прво меѓу прометот регистриран со фискалниот апарат и платениот данок и кој ќе утврди колку данок е платен. Дали секој ден вие на секоја тезга ќе ставите по еден даночен инспектор на сите пазари во Република Македонија и тие цело време ќе стојат, додека трае пазарот и ќе контролираат дали даночните обврзници издаваат фискални сметки. Освен тој начин нема друг за да ви профункционира тоа во пракса, но тоа значи уште 50 илјади нови инспектори кои ќе бидат задолжени по тезги на секое место да стојат и да го контролираат прометот.

Второ, земјоделците се изземени. Меѓутоа, овде стои дека се однесува за сите тговци и занаетчии кои се регистрирани во соодветниот регистар, земјоделски производители кои се регистрирани односно евидентирани согласно со закон, лицата кои се занимаваат со земјоделство како и лицата кои се во работен однос или се пензионери, а не се вршители на земјо делска дејност. Значи за

сите нив се воспоставува, а такви се 95% од трговците на пазарите. Само 5% се земјоделци кои имаат свое производство, сезонски или во определен временски перод и го продаваат на пазарот поради вишок што им се појавува. Значи тоа што го објаснивте е само делумно точно и повторно неодговоривте на суштинските прашања. Затоа овој закон не ви е применлив во пракса.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи повеќе нема пријаени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 57 за, воздржани нема, 7 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, 57 гласаа за, воздржани нема, 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот заз регистрирање на готовински плаќања.

**Минуваме на точка 22. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трајко Славески, министер за финансии.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Законот за даночна постапка е донесен во 2006 година со што се создаде единствена основа за општото даночно право и даночно управна постапка.

Досегашната примена на законот покажа дека одделни одредби од Законот треба да се допрецизираат изменат или бришат со цел за појасна примена на овој закон,како и во насока на следење на заложбите за подигање на степеност на ефикасност и ефективност во даночната постапка.

Со измените кои сега се предлагаат е извршено допрецизирање на институтите застареност и отписот на даночен долг, а пред се овозможена е допустливост за вршење на надворешна контрола и кај субјектите кои не се регистрирани во соодветни регистри, а сепак вршат определена дејност и остваруваат добивка, што се во директна насока на сузбивање на сивата економија и даночната евазија.

Со предложените измени на законот се предлага бришење на одредени одредби од Закконот, тоа се членовите 121 став 2 и членот 123 со што се овозможува намалување на одделни оптоварувања на даночните обврзници. Укинување на зголемувањето на даночниот долг за 10% и намалување на каматата од 0,05 на 0,03 која се пресметува на даночниот долг.

Исто така извршено е скратување на даночната постапка во смисла на давање на даночните обврзници можност со правен лек, но со тоа што уставното загарантирано право ќе го остваруваат директно пред министерот за финансии.

Оваа потреба е согледана токму од искуствата од досегашната примена на законот кои ја наложија потребата од скратување на постапката по приговор. Имено, со постојниот закон постапката по приговор се спроведуваше во Управата за јавни приходи, а по однос на жалба одлучуваше министерот за финансии.

Овој начин на работа укажуваше на фактот дека во втор степен по правен лек одлучуваат два органи.

Со предложените измени се овозможува по правен лек во втор степен односно по жалба на даночните обврзници да одлучува само министерот за финансии што ја скратува целокупната постапка.

Со завршната одредба пропишана во членот 58 од овој закон со кој се предлага одредбите од членовите 28, 29, 30, 31 и 32 од овој закон да се применуваат од 1 јануари 2009 година се во функција на давање на преоден период за примена на одредби од Законот за даночна постапка кој се однесува за одложено плаќање на даночен долг.

Со наведените измени се предлага овие одредби да се применуваат од 1 јануари 2009 година со цел започнатите постапки за одложување на плаќање на даночниот долг во овој период да се дореализира, а овој период треба да престанат да се применуваат.

Со донесувањето на овој закон, покрај друго, ќе се овозможи целосна имплементација и опeрализација на решенијата содржани во Законот за прекршоци кој предвидува за определени прекршоци прекршочна постапка и прекршочни санкции да може да извлече и друг орган што врши јавни овластувања.

Потребата од донесување на законот по итна постапка која ја образложив при дефинирањето на дневниот ред произлегува од потреба за итно и неодложно остварување и целосна операционализација на решенијата содржани во Законот за прекршоци како и поради спречување на нарушувањата кои би можеле да се предизвикаат заради нефункционирање на Управата за јавни приходи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи немам пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеника,од нив за гласаа сите 59, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот на законот вкупно гласаа 59 пратеника сите 59 гласаа за, нема воздржани нема против.

Пред да констатирам сакам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 67 пратеника, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка.

**Минуваме на точката 23. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трајко Славески, министер за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа

Пред вас за дискусија е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг со Предлог на закон.

Законот за јавен долг кој сега е предмет на овие измени и дополнувања беше донесен во 2005 година со цел овозможување на неопходното поскапување на потребната законска рамка во оваа сфера во насока на дефинирање на клучните прашања за успешно управување со јавниот долг.

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг има за цел натамошно подобрување и приспособување на законската рамка.

Имајќи ги во предвид заложбите на Министерството за финансии и за унапредување на функциите на управувањето со јавниот долг на Република Македонија со овој Предлог на закон треба да се елиминираат одредени проблеми кои се појавуваат во начинот на прикажување на податоците за јавниот долг, начинот на задолжување на општините и јавните претпријатија, односно трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата или општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, начинот на подготвување и содржината на стратегијата за управување со јавниот долг, како и постапките на издавање на државни хартии од вредност и нивно предвремено откупување.

Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг се заснова врз истите начела врз кои се заснова постојниот закон.

Измените и дополнувањата на Законот за јавен долг се во согласност со Мастрихшките критериуми или уште познати како критериуми за конвергенција, а се однесуваат на обврските кои секоја земја членка на Европска унија треба да ги исполни пред влезот во Европската монетарна унија.

Во Предлог законот се прави измена на опфатот на јавниот долг која се однесува на вклучување на долгот на Народна банка на Република Македонија во вкупниот јавен долг.

Со оваа промена националната методологија за опфат на јавниот долг се изедначува со методологијата на ММФ и се елиминираат разликите во опфатот на јавниот долг кои се јавуваат при објавувањето на висината на јавниот долг во различни извештаи.

Но, согласно измените на овој закон со задолжувањето на Народна банка на Република Македонија нема да важат критериумите за задолжување пропишани со овој закон односно овој долг ќе се користи единствено за статистички цели.

Значајна новина на овие измени и дополнувања е по деталното образложување и прецизирање на начинот и постапката за задолжување на општините, општините на градот Скопје и Градот Скопје.

Со оваа измена Владата на Република Македонија ќе има законски основ за донесување на упатство за начинот и постапката за задолжување на општините, јавните претпријатија и трговските друшва во целосна или доминантна сопственост на државата или општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

Исто така регулирањето на обврските при задолжување меѓу Владата на Република Македонија со општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје како и јавите претпријатија формирани од општините до сега немаше прецизиран законски основ.

Со измените на овој закон овие односи се детално регулирани.

Почитувани, во изминатиот период во Министерството за финансии се јави потребата од прецизно дефинирање на соддржината и рокот за донесување на стратегијата за управување со

јавен долг, како најважен стратешки документ кој ја определува структурата, како и рамките во кои ќе се движи јавниот долг во периодот од следните три години.

Со оглед на фактот што појдовна основа за креирање на с тратегијата за управување со јавен долг претставува среднорочната фискална стратегија, Буџетот на Република Македонија и макроекономската политика за следнат година во изминатите години се јави одредена тешкотија за доставување на сите четири документи во исто време. Претходниот ден ме предупреди господинот Јани Макрадули во својаа дискусија.

Преку измените во овој закон се дава разумен временски простор за донесување на стратегијата за управување со јавен долг и нејзино навремено доставување до Владата и Собранието на Република Македонија.

Според овој Предлог на закон се предвидуваат измени и во исполнувањето на критериумите за финансирање на проектите односно издавање на државна гаранција. При тоа како критериум за финансирање на проектот или издавање на државна гаранција се додава усогласеноста на новите задолжувања со стратешките документи на Владата на Република Македонија.

Согласно новиот закон за хартии од вредност се дава простор за отворање на повеќе депозитари за хартии од вредност. Таквата одредба налага измена и во Закконот за јавен долг во насока да се даде право на избор од страна на Министерството за финансии на депозитар за хартии од вредност кој ќе нуди најповолни услови за регистрирање и евидентирање на издадените државни хартии од вредност. На тој начин се овозможува еднаков пристап на сите евентуални нови субјекти кои би искажале интерес да изведуваат аква дејност во иднина.

Исто така важна новина во Предлог измените на овој закон е воведувањето на забрана за задолжување на одредени носители на јавен долг од периодот на донесување на одлука за распишување на изборите до моментот на избор на пратеници односно градоначалници во зависност од видот на изборите.

Имено, со Предлог законот на Министерството за финансии му се забранува издавање на позитивно мислење за задолжување или државна гаранција на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата од моментот на донесување на одлука за распишување на парламентарни избори до моментот на избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Исто така општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и јавните претпријатија формирани од истите не можат да започнат со постапка за задолжување од денот на донесување на одлуката за распишување на локални избори до завршување на изборот на градоначалник или членови на Советот.

Со одредувањето определен мораториум за задолжување во овој период се врши заштита на државата од задолжување за проекти кои би можеле да бидат ставени во функција на предизборен маркетинг.

Во делот од Законот кој се однесува на транспарентноста на јавниот долг во измените на Законот се врши промена на законскиот рок во кој се поднесува Годишниот извештај за спроведување на стратегијата за управување со јавниот долг до Собранието на Република Македонија. Досега законската рамка налагаше Годишнио тизвештај за спроведување на стратегијата за управување со јавниот долг да биде поднесен до Собранието на Република Македонија заедно со завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за претходната година. Но, заради потребата од влезни податоци во Годишниот извештај токму од завршната сметка на Буџетот на Република Македонија се јави потреба од промена на ваквата законска формуалција. И затоа со предлог измените на Законот Годишниот извештај за спроведување на стратегијата за управување со јавен долг ќе се доставува за информирање до Собранието на Република Македонија заедно со стратегијата за управување со јавен долг. Согласно Законот за прекршоците со измените се врши целосно усогласување на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг со Законот за прекршоци.

Почитувани пратеници Владата на Република Македонија верува дека донесувањето на овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг ќе придонесе кон зголемување на ефикасноста во управувањето со јавниот долг на начин што тоа ќе се извршува преку преземање на мерки и активности од страна на Министерството за финансии кои ќе обезбедат финансирање на потребите на државата со најнизок можен ризик на среден и долг рок и со одржливо ниво на ризик.

Токму од овие причини предлагам да го прифатите Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за јавен долг.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе,

Само кратко. Со најголем дел од измените во Законот се согласувам, освен во делот кој што се однесува на единиците на локалната самоуправа. Веќе имавме еден Закон за финансирање Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и тогаш остро се спротивставивме на обидот на Владата тие да даваат дозвола дали општината може, или не може да се задолжи. Тогаш, владеачкото мнозинство го усвои тој предлог. И сега јасно стои

дека за да се задолжи некоја општина прво мора да добие одобрение од Министерството за финансии, иако во Законот имаше два члена каде што јасно стои кога општината може краткорочно да се задолжи, кога може долгорочно да се задолжи, притоа отплатата на ратата да не изнесува повеќе одреден процент од приходите на Буџетот на општината.

Сега со овој Закон измените и дополнувањата на овој Закон се оди уште понатаму и стрикно дури се пропишува и постапката на која што некоја општина може да се задолжи. Со отпочнувањето на втората фаза на процесот на децентрализација една од придобивките на таа фаза беше токму можноста општините своето финансиско работење да го подобрат преку можноста за задолжување. И затоа се водеше построга контрола околу тоа кои општини ги исполнуваат критериумите да влезат во втората фаза. Мислам дека нема потреба Министерството за финансии и Владата на тој начин да ставаат толку силна контрола врз општините да не ги остави сами да менаџираат со ресурсите кои што им стојат на располагање.

Втора работа за која што не се согласувам е начинот, или инструментите на кои што Владата ќе ги обезбеди своите побарувања од општините при издавање на државна гаранција доколку не се плати ратата. Овде стои дека Владата има право да задржи дел од дотациите кои треба да се распределат на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје до износ потребен за наплата на побарувањата. Мислам дека ова не е во ред, бидејки дотациите и по закон се наменски средства. Блок дотациите служат за финансирање на тековното работење на органите кои што се под општината, училиштата, градинките. Наменските дотации служат за платите. И не е во ред државата и овие средства да има право да ги задолжи. Притоа ќе ги казни вработените во тие институции, или ќе ги казни децата, ако во училиштата нема доволно огрев, нема доволно средства за хигиена и т.н. Оваа одредба нема потреба да стои. Но, за жал повторно ќе биде изгласан законот. И не ми се допаѓа, Владата при издавање на државна гаранција да наплаќа 0,5% провизија. Мислам дека тоа е непотребно оптоварување на субјектите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Никој)

Дали има некој против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг.

Со оглед на тоа дека сценариото по однос на 24-та и 25-та точка треба да се прилагоди според поднесените амандмани, ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме со работа во 16,50 часот.

(Седница прекина во 16,40 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,53 часот)

**Трајко Вељаноски: Минуваме на точката 24 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Миле Пачемски, Ратко Димитровски и Ванчо Коцев поднесоа амандмани на член 2 за бришење на став 1 и на член 3 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Миле Пачемски, Ратко Димитровски и Ванчо Коцев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот е од технички карактер и се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратениците Миле Пачемски, Ратко Димитровски и Ванчо Коцев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

И овој амандманот е од правно-технички карактер и Владата го прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салаа)

Во моментот има 61 пратеник и можеме полноправно да одлучуваме.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг.

**Минуваме на точката 25 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 4 за додавање нов став 3 по ставот 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандман на член 3 на воведната реченица, за додавање нов став 3 по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на воедната реченица за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од патеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски, поднесоа амандман на член 4 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, сосема кратко.

Согласно постојното решение во Законот за акцизите, цигарите што се извезуваат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг за кој ино-добавувачот не доставил контролни марки, се обележуваат со специјални извозни марки.

Специјалните извозни марки не претставуваат акцизни марки со акцизна вредност преку кои се плаќа акциза на цигарите што се трошат на акцизната територија.

Во насока на поедноставување на процедурите и поттикнување на извозот се предлага укинување на специјални извозни маркици за цигарите. Ова е реликвија од некои минати времиња и овие извозни марки постоеа само во Република Македонија и на Косово.

Во постојниот Закон за акцизите, патничките автомобили се ослободени од акциза при нивни увоз доколку се употребуваат за реализирање на проекти финансирани со парични средства од странски донатори врз основа на договори на Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци.

Предложеното ослободување од акциза за патничките автомобили при нивниот увоз, ако се добиени како подарок од странски донатори,а се наменети за државните органи, општините, Градот Скопје и за јавни установи, претставува усогласување на царинските прописи со Законот на данокот за додадена вредност. Донираните возила ќе бидат ослободени покрај царина и данок на додадена вредност и од акциза.

Со предложените измени во Законот за акцизи се врши усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоците.

Почитувани, накратко да објаснам која е суштината на два од трите прифатени амандмани.

Имено, со предложениот амандман од пратеникот Силвана Бонева се предлага за возилата на хибриден погон да бидат ослободени од акциза. Тоа е една од мерките со кои што Владата неодамна излезе за ублажување на последиците од растот на цените на нафтата и нафтените деривати.

Со вториот амандман што го предложи Владата, беше дефиниран на последната седница се зајакнуваат прекршочните одредби за злоупотреба на екстра-лесното масло во Република Македонија. Имено, има појави во овој период, кога неговата употреба е забранета, претпоставувам дека ви е познато дека екстра-лесното масло се користи до 15 април и со отпочнувањето на она што значи грејна сезона од 15 октомври, има индикации дека во моментот се користи екстра - лесно масло и сите оние субјекти, правни и физички лица кои ја вршат оваа злоупотреба, покрај редовните санкции сега се додава уште една санкција да може да биде одземено и самото средство, односно механизам. Дали е превозно средство или машина што на овој начин или преку што се врши злоупотребата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сосема на кратко, можеби ако министерот сака да појасне, имам едно прашање. Имено, во членот што се додаде дека патничките автомобили се ослободени од акциза при нивниот увоз, ако се добиени како подарок од странски донатори, тие се наменети за државните органи, дали важи ставот 1 од овој зкакон, а тоа е дека некоја странска фирам ќе донира на Владата кола, ама врз база на некој договор што ќе го има Владата и соодветната држава од каде потекнува. Бидејќи претпоставувам станува збор за сериозна работа, ако странска компанија се реши да донира возило на Владата, да донира 10 возила на Владата, ќе биде ослободено од акциза, но дали е тоа направено врз база на некој договор и какви последици ќе има потоа, привилегирани, за компанијата што ќе донира 10 возила за Владата на Република Македонија.

Во членот што постои и сега, каде во ставот 1 се говори за договор помеѓу Владата, се извинувам, “врз основа на договор меѓу Владата на Република Македонија и странските донатори”, ме интересира дали овој член што се додава сега дека на Владата, ќе бидат ослободени од акциза компанијата што на Владата ќе и подари 10 возила, мислам дека треба да стои појаснувањето дека и тоа се прави врз база на нешто. Дека, да речеме, Германија, преку таа и таа компанија ќе донира возила. Или пак, прифаќајќи го амандманот на колешката Бонева, каде што се преферира во овој момент една компанија, бидејќи друга нема, која има кола на хибриден погон, бидејќи другите ќе почнат од 2010 година, Мерцедес ќе го промовира своето прво возило, значи тука се преферира една компанија. Таа компанија, не сакам да шпекулирам, и јас би си купил една Тојота, да биде таа што ќе биде во привилегирана позиција.

Мислам дека во делот на донацијата на компанија на Влада автомобил, фали уште некој механизам, контролен.

Вториот мој коментар на Законот за акцизи е дека ова е една од мерките што апсолутно нема никакво подобрување на шокот со зголемувањето на цената на нафтата и нафтените деривати. Ова возило, во наједноставна верзија чини 42 илјади евра. Ќе се согласите, тоа не може да помогне на многу граѓани во Република Македонија да се справи со ценовниот шок на нафтата и нафтените деривати.

Ова е една козметичка промена од Владата што нема да помогне ама никому во Република Македонија.

Се разбира, делот на одземање на возила како мерка е во насока на тоа што Маковеј сака да направи со Груевски од државата - полициска држава. Па каде што, ај не стигаат овие мерки, па ќе им го одземеме возилото и веројатно следната мерка ќе биде еден од прочуените филмови со Силвестер Сталоне “Џаџ дет”, каде ги дига во воздух колите и ќе го камшикуваат. Нема следна мерка. Од оваа Влада може уште тоа да се очекува. Сега ќе ги одземеме колите бидејќи тој направил некој прекршок. Но, тоа е се од планот на Груевски-Маковеј како да се направи полициска држава од Македонија.

Се разбира, клучната точка на овој закон е цигарите без бандерола. Можеби таа ќе има од соодветната земја, но контролата на извозот на цигари од Македонија, со оваа Влада и со луѓето кои се занимаваат со тоа тешко дека ќе се оствари.

Овој закон спаѓа во онаа група на закони за легализација на она што до сега се правеше. Е сега, нема еден коалиционен партнер, не знам како ќе се снајдат со другиот, новиот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника за гласаа 58, воздржани нема, против 6 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за гласаа 58 пратеници, од

гласањето не се воздржа никој, против гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

**Минуваме на точка 26 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за централен регистар.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Андреј Петров поднесе амандмани на член 1 и за менување на член 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на член 1 поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, Владата ќе го прифати, односно го прифаќа овој амандман, затоа што покрај институциите од централната, извршната и судската власт кои што се ослободени од плаќање на надомест за користење на услугите од Централниот регистер, се додаваат и единиците на локалната самоуправа.

Значи се прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот е прифатен и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандман за менување на член 1, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа затоа што е поврзан со претходниот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар.

**Минуваме на точка 27 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односите меѓу заедниците, овој Закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Законот за административните такси го уредува плаќањето на административни такси за списите и дејствијата во управните работи како и за другите предмети и дејства кај органите на државната управа, органите на локалната самоуправа и другите државни органи и организации во Република Македонија.

Административни такси се плаќаат и за издадени списи и преземени дејства кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во стрнство.

Имајќи предвид дека во одделни области се донесени нови законски и подзаконски акти, се наметна потребата во Законот и во тарифата на административните такси коа е составен дел од Законот да се вградат дополнувања по однос на тоа дека таксената обврска за решенија, дозволи и други исправи, настанува во моментот на издавање на истите и за поднесоците за нивно издавање кога се поднесуваат во електронски облик и тоа како резултат на проектот за воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз.

Со Законот се предвидува воведување на нови тарифни броеви за определени списи и дејства за кои се плаќа административна такса, или дополнување и изменување на веќе постоечките. Имено, се воведува нов тарифен број 33-ж според кој административна такса ќе се плаќа и за барање за добивање дозвола за трговија со неопасен отпад, за дозвола за трговија со неопасен отпат и за решението по барање за

обновување на дозвола за трговија со неопасен отпад.

Министерството за внатрешни работи предлижи воведување на нови тарифни броеви по однос на решение на утврдување на државјанство на Република Македонија и решение за дополнителни запишувања и исправка во матичните книги. Намалување на износите на некои тарифни броеви и воведување на плаќање на административна такса за регистрирање на оружје, за дозвола за колекционерско оружје, за издавање на одобрение за набавување на колекционерско оружје и за издавање на потврда за оружје од Д категорија.

По однос на административните такси кои се плаќаат и за воведените цем дозволи Министерството за транспорт и врски предложи со овој закон да се направи разграничување на годишните и месечните цем дозволи. Потребата за донесување на закон по итна постапка произлезе од потребата на настанатите проблеми во фунционирање на системот на наплата на административните такси, сложените процедураи во примената и заради нивна висина во делот на тарифата со цел на спречување на нарушувања во економијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот по Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за комитетот за односи со заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутни пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за гласаа сите 70,воздржани нема, против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 13 пратеника, сите 13 гласаа за, нема возджани, нема против.

Ги молам и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака? (нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

На седницата присуствуваат 13 пратеници кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 13 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против нема ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

**28 точка- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за супер визија на осигурување.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Илија Китановски, Оливер Шамбевски, Зоран Петрески, Илија Димовски, Александар Спасеновски, Горан Петрески, Цветко Грозданов, Живко Пејковски, Анита Кипаризовска-Крстеска, Марија Андоновска, Цена Матевска, Александар Николовски и Крсто Мукоски поднесоа амандмани за бришење на член 13 во новиот член 134-л и на член 24 за бришење на ставовите 2, 3, 4 и 5 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска поднесоа амандмани на член 1, член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 15 за менување на ставот 4 со три става за додавање нов член 16-а од членот 16 за додавање нов член 19-а по членот 19 и на член 20 за менување на став 5 по кој Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандман на член 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на  член 3 за додавање на нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратниците Силвана Бонева, Илија Китановски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе Владата го прифаќа  амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и

станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратениците Илија Китановски, Оливер Шамбевски, Зоран Петрески, Илија Димовски, Александар Спасеновски, Горан Петрески, Цветко Грозданов, Живко Пејковски, Анита Кипаризовска-Крстевска, Марија Андоновска, Цена Матевска, Александар Николовски и Крсто Мукоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам**,** амандаманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот  не се прифаќа.

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Во име на предлагачите го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на  член 13 во новиот член 134-л, поднесен од пратениците, Илија Китановски, Оливер Шамбевски, Зоран Петревски, Илија Димовски, Александар Спасеновски, Горан Петревски, Цветко Грозданов, Живко Пејковски, Анита Кипаризовкса-Крстевска , Марија Андоновска, Александар Николовски, Цена Матевска и Крсто Мукоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот  не се прифаќа.

Молам дали некој друг бара збор?

Има збор господин Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам претседателе, амандманот се повлекува.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на  член 15 за менување на ставот 4 со три става поднесен од пратниците Силвана Бонева, Илија Китановски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и

станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот за додавање нов член 16-а по членот 16 поднесен од пратниците Силвана Бонева, Илија Китановски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе Владата го прифаќа  амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и

станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а по членот 19 поднесен од пратниците Силвана Бонева, Илија Китановски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе Владата го прифаќа  амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и

станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на  член 20 за менување на став 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе Владата го прифаќа  амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и

станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на  член 24 за бришење на ставовите  2, 3, 4 и 5 поднесен од пратниците Илија Китановски, Оливер Шамбевски, Зоран Петревски, Илија Димовски, Александар Спасеновски, Горан Петревски, Цветко Грозданов, Живко Пејковски, Анита Кипаризовкса-Крстевска , Марија Андоновска,

Александар Николовски, Цена Матевска и Крсто Мукоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине претседателе Владата не го прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеника. За гласаа 9, воздржани 6 и против 35 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По амандманот вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за гласаа 9, воздржани 6, против 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 за бришење на ставовите 2, 3, 4 и 5 поднесен од пратниците Илија Китановски, Оливер Шамбевски, Зоран Петревски, Илија Димовски, Александар Спасеновски, Горан Петревски, Цветко Грозданов, Живко Пејковски, Анита Кипаризовкса-Крстевска , Марија Андоновска, Александар Николовски, Цена Матевска и Крсто Мукоски.

Продолжуваме со претрес по текстот по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив 63 за, воздржан еден, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници, од нив 63 за, од гласањето се воздржа еден, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија и осигурување.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам четвртата седницата на Собранието на Република Македонија и ви благодарам за конструктивната работа.

Следната седница е во петок, шестта седница, во 11,00 часот, благодарам.